***РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ***
Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
Број 14.4 - 16 / 2
21.01 година
С к о п ј е

# **И З В Е Ш Т А Ј**

## ***за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2024 година***

Согласно утврдените надлежности во член 58 од Законот за внатрешни работи (Сл. весник на РСМ бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016, 21/2018, 198/19, 275/19, 110/21, 89/22), Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е внатрешен контролен механизам во Министерството за внатрешни работи. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапува при утврдување на појави на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници во вршење на полициските работи, на овластените службени лица во вршењето на посебните должности и овластување и во постапувањето на останатите работници во Министерството за внатрешни работи.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во текот на 2024 година работеше на документирање на пречекорувањето на законските овластувања на овластените службени лица, расчистување на неправилностите во работењето на припадници на МВР како по податоци, информации и сознанија, кои самостојно ги прибира така и по добиени известувања, анонимни достави, претставки од граѓани и вработени во МВР, проверки по барања од јавните обвинителства, невладини организации и други субјекти.

Во 2024 година целосно дојде до израз комплетираната законската рамка на воспоставената надворешна контрола врз работата на полицијата со проширување на надлежностите на надворешниот механизам за контрола на работата на лицата со полициски овластувања и функционирањето на Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Извршените измени и дополнувања на Законот за Народен правобранител, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за јавно-обвинителска служба, Закон за извршување на санкции, Закон за јавно обвинителство и Законот за судови, веќе претставуваат алатка за сеопфатна, ефикасна и ефективна надворешна контрола врз полицијата. Општ е впечатокот дека овој концепт влијае врз свеста и работата на полициските службеници во насока на нивно професионално постапување.

Соработката на Одделот со Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во ОЈО ГОКК е исклучително добра, а комуникацијата тековна и без проблеми.

И во текот на 2024 година Одделот продолжи да биде максимално транспарентен и отворен за граѓаните, објавувајќи ги своите активности, Антикорупциската програма, периодичните извештаи и други информации од интерес за јавноста, на веб страницата на Министерството за внатрешни работи.

Во текот на годината остварени се повеќе меѓународни конференции во неколку држави и учества на регионални форуми, се со цел продлабочување на соработката, ефикасноста и ефективноста во работењето.

Во делот на континуираното стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството, од страна на Одделот, тековно се одржуваат работилници на кои се презентира Програмата за јакнење на полицискиот интегритет, како и други планирани обуки и работилиници во земјата и странство. Посебен акцент оваа година е ставен на развивање на Планот за интегритет за сите вработени во Министерството, усогласен со стратегиите на Владата за борба против корупцијата и зајакнување на интегритетот и професионалноста во државните институции.

Во насока на овозможување на фер и демократски Парламентарни избори, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, согласно надлежностите преземаше мерки и активности за законито, професионално и коректно извршување на службените задачи на припадниците на МВР, што допринесе за минимизирање на непрофесионалното или незаконито постапување од страна на полициските службеници ангажирани за обезбедување на изборите.

Во соработка со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди минатата година се приклучи кон организациските единици во МВР кои го применуваат стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со опсег на сертификација внатрешна контрола, криминалистички истраги, професионално работење, превенција и интегритет, работа по претставки, истраги и професионални стандарди, односно се стекна со сертификат за успешно имплементиран систем за менаџмент со квалитет. По успешно завршување на надзорните проверки од страна на акредитираното сертификационо тело, Одделот и во текот на оваа година продолжува да ги исполнува барањата на стандардот, согласно воспоставените процедури. Воспоставени се цели за квалитет во 2024 година, утврдена е методологија за управување со ризици и извршено е приспитување на системот за менџмент со квалитет од страна на врвното раководство. По извршена надзорна проверка на сертификационото тело АМ ЦЕРТ - Скопје, во извештајот од аудитот, во делот позитивни аспекти и добра пракса, работењето на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е оценето како многу добро во делот на посветеноста за спроведување на антикорупциската програма и јакнење на интегритетот на вработените во министерството.

## *Статистички показатели за работата на Одделот*

Во текот на 2024 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, презеде мерки за испитување на **1366** (1.235)[1] случаи на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување, пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува зголемување за 10,6 % во однос на минатата година.

Во 2024 година во Одделот се примени **969** (854) **писмени претставки од граѓани**, што е зголемување на примените писмени претставки за 13,5% споредено со истиот период минатата година. Во однос на примените **записници за усно поднесени претставки** - **190** (235), забележано е намалување за 19,1%. За 39,1% е зголемен бројот на примени **анонимни поднесоци - 224** (161).

Писмени реакции во вид на претставки, жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини

1 *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*

организации, вкупно - ***четири*** (осум) и тоа преку Хелсиншкиот комитет за човекови права и Коалиција Маргини.

Оваа година добиени се речиси ист број на претставки од **Народниот правобранител** - 33 (32). Намалување за 14,1,% е забележано кај поднесоците добиени од **адвокати како полномошници на граѓаните** - 79 (92) како и зголемување за 37,1% кај добиените **претставки од правни лица** - 48 (35).

Во одредени предмети, за покарактеристични случаи, истовремено или последователно се добивани поднесоци од повеќе субјекти (граѓани, невладини организации, или народен правобранител).

Покрај добиените претставки, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и 396 (312) **службени материјали (службени белешки, информации, телеграми) од организациските единици во МВР** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од вработени во МВР.

Од 1366 (1.235) случаи за кои се вршени проверки, 970 (923) **или 71 % се предмети во кои е постапувано врз основа на добиени претставки од граѓани, здруженија на граѓани или правни лица** во кои се посочуваат неправилности извршени од страна на вработени во МВР. Останатите 396 (312) случаи или 29% се проверки вршени по основ на добиени известувања, сопствени сознанија и слично. По земањето во работа на претставките и извршената анализа, може де се констатира дека во 519 (530) случаи наводите изнесени во нив се **неосновани**, во 118 (92) случаи **се основани**, за 221 (210) предмети **нема доволно докази** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, 109 (90) се **делумно основани**, а **три претставки** (една) **се решени на друг начин** (нема надлежност за постапување и веќе е постапено по претставката).

Претставките најчесто се однесуваат на непостапување или несоодветно постапување по пријавен настан, потоа следуваат постапувања спротивно на Упатството на користење на социјалните мрежи во министерството и Стандардна оперативна процедура за мобилен систем за снимање со камери, како и претставки поради незадоволство од констатирани сообраќајни прекршоци.

Во предметите по кои е постапено, во сите случаи каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и подзаконските акти, од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални

стандарди како овластен предлагач изречени се задолжителни мерки за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

За утврдените неправилности, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, против **673** (451) вработени изрече задолжителна мерка за поведување на **постапка за утврдување на дисциплинска одговорност пред Одделот за дисциплински и судски постапки.** За 128 (151) **лице** е изречена мерка **укажување, а на 40** (26) **вработени** за причинета штета на Министерството им е изречена мерка покренување на постапка за **надомест на штета-материјална одговорност. За 69** (48) **вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од работно место до завршување на дисциплинската постапката, 46** (47) **се упатени на психолошко-психијатирски преглед и од 41** (38) **вработени е одземено службеното оружје.**

Во 2024 година, претставници од Одделот учествуваа во работата на Одделот за дисциплински и судски постапки во својство на овластен предлагач во постапки за утврдување на дисциплинска одговорност на вработени во МВР на **573** (321) расправи.

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на овластените службени лица кои имаат обележја на кривично дело од страна на ОВККИПС се поднесени 37 (12) **кривични пријави** против **90** (19) **вработени** во МВР за сторени **42** (14) кривични дела, од кои за четири сторени кривични дела „ Предизвикување општа опасност", три кривични дела „Примање поткуп", девет кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување", три кривични дела „Малтретирање во вршење на службата" , девет кривични дела „ Несовесно работење во службата и по едно сторено кривично дело „Помагање на сторител по извршено кривично дело", „Одземање или уништување службен печат или спис", „Посебни случаи на фалсификување исправи", „Измама", „Неизвршување на судска одлука", „Убивање и мачење животни", „Загрозување на сигурноста", „Спречување службено лице во вршење службено дејствие", „Обљуба со злоупотреба на положбата", „Повреда на правата од работен однос", „Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас", „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје распрскувачки материи", „Послужување во службата" и „Измама во службата.

Покрај ова, во текот на годината, изготвени се и доставени **287** (259) **Известувања** до Основните јавни обвинителства во РСМакедонија, од кои **81** (53) **се за известување** на надлежниот јавен обвинител за негово запознавање и постапување, а **206** (206) **Известувања се изготвени по барање на ОЈО.**

***Од нив, 256 (239) известувања се до ОЈОГОКК Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција, а 31*** (20) до останатите Основни јавни обвинителстава.

Изминатата 2024 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапи по *56* (62) **поднесоци** во кои е наведено дека од страна на полициски службеници **е употребена физичка сила врз граѓани.** По преземените мерки и испитувањето на случаите, утврдено е дека *16* (21) ***поднесоци се неосновани,*** односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена, во *36* (35) ***случаи*** поради немање на докази ***не може да се утврдат наводите во претставката*** за употребена физичка сила, додека ***четири*** (шест) **претставки се *основани*** за што се поднесени три кривични пријави за сторено кривично дело „Малтретирање во вршење на служба" и едно известување до ОЈОГОКК - Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција.

Одделот, во сите случаи за кои е известен дека вработени во Министерството постапувале незаконски или непрофесионално кон граѓаните, без исклучок постапува и професионално ги врши проверките во претставките, без селективен пристап, со еднаков третман кон граѓаните, а по извршените проверки навремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките.

Во 2024 година Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на *68* (46) случени сообраќајни незгоди, во кои учествувале вработени во МВР и управувале возила сопственост на Министерството. За случаите каде е констатирано дека при управување на службените возила вработените во Министерството не ги почитувале законските прописи, при што е настаната материјална штета на возилата сопственост на МВР, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до непосредните раководители изрече задолжителни мерки да бидат поведени *38* (20) постапки за утврдување на **материјална одговорност.**

***Спроведени контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди во организациски единици на МВР***

**Оделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2024 година изврши контрола на работењето на 87** (78) **организациските единици на МВР** и тоа: во СВР Куманово (ПС ОН Крива Паланка, 3-ПО Ранковце, 2-ПС ОН Куманово, 2-ПС за БПС Куманово, ПС за БПС Крива Паланка, ОВР Кратово), СВР Скопје ( 2-ОКР Центар и Бит Пазар, ЕВР Центар и Бит Пазар, 3-ПС ОН Аеродром, ПС ОН Кисела вода, 3-ПС ОН

Карпош, ПС ОН Ѓорче Петров, 2-ПО Петровец, ПС ОН Драчево, ПС ОН Гази Баба), Оддел за граѓански работи (2-ОУР Скопје, ОУР Куманово, ОУР Велес, ОУР Штип), СВР Струмица (ПС ОН Валандово), СВР Битола ( ОКП Битола, ПС за БПС Битола, ПО за БПС Крушево, ОВР Македонски Брод, ПО за БПС Македонски Брод), СВР Штип (ПС ОН Штип, 2-ПС за БПС Штип, ПС ОН Кочани, ПС ОН Делчево, ПО за БПС Делчево, ОВР Кочани), СВР Охрид (ПС ОН Охрид, ПС за БПС Охрид, 2-ОКП Охрид, ПС ОН Дебар, ОВР Кичево, ПО за БПС Кичево, ПС ОН Кичево), СВР Тетово (2-ПС ОН Тетово, ПС ОН Гостивар, ПС за БПС Тетово), Мобилна единица за безбедност на патниот сообраќај, РЦ за ГР Запад (2-ПС за ГП Ќафасан, 2-ПС за ГП и ГН Свети Наум, ПС за ГП Јажинце, 2-ПС за ГП и ГН Блато, ПС за ГП и ГН Ќепиште), РЦ за ГР Исток (ПС за ГП и ГН Деве Баир, 2-ПС за ГП и ГН Делчево, ПО за ГН Каменица), РЦ за ГР Север (2-ПС за ГП и ГН Табановце, ПС за ГП и ГН Долно Блаце, 2-ПС за ГН Сопот, 2-ПС за ГН Пелинце, ПС за ГП Меѓународен Аеродром Скопје, ПС за ГП Блаце, ПС за ГН Крива Паланка), РЦ за ГР Југ (2-ПС за ГП и ГН Богородица, ПС за ГП и ГН Дојран, ПС за ГП и ГН Меџитлија, ПС за ГП и ГН Ново Село, ПС за ГП и ГН Дојран), Оддел за информатичка технологија (Отсек за персонализација), Оддел за општи и заеднички работи (Експедиција СИКС, Одделение за јавни набавки и примена на стандарди).

Контролите се однесуваа на контрола на извршување на работните задачи, контрола на службените евиденции кои се водат во дежурна служба, почитување на правила на користење на мобилен систем за снимање со камери, контрола над полициски патроли при извршување на работни задачи и контрола на почитување на член 168 од Закон за внатрешни работи, одвивање на работниот процес во постапката за издавање на лични документи, законска примена на полициските овластувања, увид во евиденциите за употреба на средства за присилба, почитување на правилата и прописите за почитување на работното време, алкотестирање на униформирани полициски службеници.

Во рамки на спроведените контроли констатирани се неправилности во работењето кај *60* (35) вработени за што од страна на Одделот поднесени се *56* (28) предлози за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, а за ***четворица*** (седуммина) е изречена мерка писмено укажување.

***Соработка со сродни служби од други држави***

Во периодот од 25-26.03.2024 година во Призрен, Република Косово со поддршка на Центарот за интегрите на безбедносниот и одбрамбениот сектор на Кралството Норвешка беше одржана регинална конференција на земјите од Западен Балкан и тоа Албанија,

Косово, Црна Гора и Северна Македонија со цел формирање на Регионален форум на тела за надзор на полициското работење кој ќе функционира како независна, неформална, неполитичка мрежа на телата на надзор на полициското работење помеѓу земјите на Западен Балкан со крајна цел донесување на заеднички Статут за меѓусебна соработка.

Претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, присуствување на настан во рамки на програмата Еразмус+, кој се одржа во Софија, Р.Бугарија на тема „ Европско партнерство на етика и интегритет" на кој беа презентирани целите на проектот со посебен осврт на зајакнување на капацитетите на антикорупциските органи.

Во периодот од 26-29 август 2024 година на покана на Ицитап програмата при Амбасадата на САД во РСМакедонија, делегација на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија предводена од Директорот на Бирото за јавна безбедност, Помошник на министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и претставници од одделот, присуствуваше на Годишна конференција во организација на Меѓународното здружение на истражители од одделите за внатрешна контрола на САД. За време на посетата македонската делегација оствари средби со експерти од обласа на безбедноста на кои беа изнесени заложбите за реорганизација, развој и модернизација на македонската полиција, зголемување на довербата на граѓаните во полицијата преку зајакнување на односите со заедницата и беа изразени цврсти заложби за борба против корупцијата и зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на МВР на која беше потврдена подготвеноста на Ицитап програмата за поддршка на реформскиот процес за развој на Министерството за внатрешни работи.

Во периодот 5 - 7 ноември 2024 година владин експертски тим од Северна Македонија составен од членови од Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи и Државната комисија за спречување на корупција учествуваше на форум во рамките на процесот на преглед на имплементацијата на Конвенцијата на ООН против корупција – UNCAC Review Mechanism во Грузија. Во рамките на посетата беа остварени средби со претставници на сите надлежни институции на Грузија за спроведување на одредбите од главата 2 и главата 5 од Конвенцијата на ОН за борба против корупција. По завршувањето на средбите со претставниците на надлежните институции на координативен состанок на владините експертски тимови на Северна Македонија и Малезија и Секретаријатот на UNODC беа драфтирани препораки и идентификувани добри практики на Грузија при имплементацијата на Конвенцијата.

Во временскиот период од 18 до 21 Ноември 2024 година, на покана од Генералниот инспекторат на безбедносните сили на Република Чешка и Девизијата за внатрешна контрола при полициските служби на Република Чешка делегација од Одделот за внатрешна

контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди беше во посета на Република Чешка, Прага. Целта на работната посета беше приближување и запознавање на целокупните работни процеси, организациската поставеност и актуелните предизвици на Генералниот инспекторат на безбедносните сили на Република Чешка и Девизијата за внатрешна контрола при полициските служби на Република Чешка. При работната посета се изврши размена на мислења и искуства на двете страни и се отвори можност за соработка помеѓу двете страни преку размена на искуства, капацитети и идеи со цел сузбивање на криминалот и корупцијата во редовите на полицијата

Во периодот 2-6 декември 2024 година, на покана на Женевскиот центар за интегритет во безбедносниот сектор (ДЦАФ), тричлена делегација од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди присуствуваше на Регионална конференција на тема „Јакнење на интегритетот преку зајакнување на внатрешните контроли за иднина без корупција во Кишињев, Р.Молдавија. На Регионалната конференција учествуваа претставници од повеќе земји и тоа: Романија, Украина, Литванија, Полска, Естонија, Србија и Црна Гора. Целта на организирање на оваа конференција беше да се сретнат претставници од службите за внатрешна контрола во полициите од овие земји и да разменат свои практики и искуства за начинот на кој се справуваат со корупцијата како еден од најголемите предизвици на модерното живеење, како причина за еродирање на владеењето на правото, јавната доверба во институциите и поткопување економскиот развој.

***Проектни активности, меѓународна соработка, работилници, обуки и други форми на стручно оспособување за вработените во Одделот***

Во рамките на Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија (2021-2026) која заеднички ја спроведуваат Министерството за внатрешни работи и ДЦАФ Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, изработени се План за интегритет на МВР 2023-2025 и Акционен план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025. Овој план претставува внатрешен анти-коруптивен документ за градење на интегритет кој содржи сет на мерки за превенирање и елиминирање на можностите за настанување и развој на разни форми на коруптивно однесување. Врз основа на претходно извршена сеопфатна анализа на статистички и аналитички податоци со кои располага Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални

стандарди, детектирани се шест области од работењето на МВР кои се најмногу изложени на коруптивно или друго незаконито однесување кои се предмет на опфат на Планот за интегритет и тоа ризици од злоупотреба на службената положба од страна на овластени службени лица од управните служби кои се во директен контакт со граѓани во постапки на издавање на лични документи, уверенија, дозволи и сл, ризици од примање поткуп во сообраќајната и граничната полиција, ризици од прекумерна употреба на сила при примена на полициските овластувања, ризици во областа на спроведување на јавните набавки, ризици во областа на управувањето со човечки ресурси, ризици поврзани со етиката, непристрасноста, достоинството, заштита на угледот на МВР. Во Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет предвидени се мерки и активности кои надлежните организациски единици ќе ги преземаат во наредните три години со цел намалување или сузбивање на поставениот ризик. Во Акциониот план исто така се предвидени и цели за спроведување на индикаторите во наредните три години преку кои ќе се следи степенот на реализација на Планот за интегритет, односно ќе се постигне ниво на целосна следливост на спроведените мерки и нивната реализација, а со тоа и постигнати резултати. Планот за интегритет на работните места во МВР 2023-2025 и Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025 се објавени на веб страната на МВР.

Базирајќи се на Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси на Државната комисија за спречување на корупцијата и Извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ- петти круг за „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритетот кај централната власт (највисоките извршни фукции) и органите за спроведување на законот“ Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во рамките на своите надлежности изработи Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2024 година и Акциски план за имплементација како стратешки документ во кој се поставени основните постулати врз кои се темели системот за интегритет во МВР со дефинирање на активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех.

Во периодот од 15-16.02.2024 година претставници од Одделот за ватрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа на обука на тема „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем на надворешниот механизам на контрола на полицијата на Северна Македонија“.На обуката присуствуваа претставници од ОЈОГОКК-Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворска полиција, Народниот правобраните, Бирото за застапување на Републик Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права и претставници од невладиниот сектор и тоа Хелсиншки комитет за човекови права,

Здружение на млади правници и Евротинк. На обуката се дискутираше за функционирањето на надворешниот механизам за контрола, слабости и предности на системот со цел давање на квалитетна правна помош и заштита на основните слободи и права на граѓаните.

На ден 04.04.2024 година се одржа обука спроведена од Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет при МВР во соработка со Одделот за специјални полициски операции над обучувачи и советници за континуирано стручно и физичко оспособување при МВР, на која претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди одржа презентација за надлежностите на Одделот и начинот на постапување по поднесени претставки или добиено сознанија за прекумерна употреба на физичка сила од страна на полициски службеници, како еден од утврдените ризици во Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи и преземените мерки и активности за намалување на предвидениот ризик.

Претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во периодот од 01.04.2024-05.04.2024 година и 08.04.2024 - 12.04.2024 година присуствуваа на напредна обука за спроведување на дисциплински постпки во организација на ОБСЕ на која учесниците беа запознаени со измените на Колективниот договор на МВР, механизмот за рана превенција и механизмот за рана интервенција, принципите на непристрасност, етичност и професионалност при водење на дисциплинските постапки, со презентирање на примери од судската пракса од страна на судии и адвокати.

На ден 18.04.2024 година во рамки на Проектот„Промоција на интегритетот и добро управување во земјите од Западен Балкан" кој се спроведува во МВР под покровителство на Центарот за интегритет во одбрамбениот сектор на Кралството Норвешка во партнерство со Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди, во Одделот за гранични работи и миграции се одржа работилница на која учество земаа слушатели на ниво раководни работници за прашања од интегритетот и антикорупциските мерки, како мерка предвидена во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет во МВР со детектиран ризик од корупција во граничната полиција.

Во периодот од 01-03.05.2024 година како дел од државна делегација претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваа на конструктивниот дијалог со Советот на човекови права на ОН на кој се разгледуваше Четвртиот периодичен извештај на РСМ по Конвенцијата на ОН против тортура и друг груб, нехуман и деградирачки третман или казнување кој се одржа во седиштето на ОН во Женева. На седницата Членовите на комитетот дадоа генерална позитивна оценка на направените реформи во последние години и беше искажана

благодарност за конкретните одговори за многуте покренати прашања во текот на конструктивниот и висококвалитетен дијалог. На 02.05.2024 година во Женева се разгледуваше Четвртиот извештај по Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ОН кој се одржа во Женева и од страна на државите членки на ОН беа поздравени напорите за спроведување на реформите во сите сфери, воедно упатувајќи и препораки до нашата држава.

На 21 и 22.05.2024 година во хотел Солун во Скопје се одржа работилница во организација на Министерството за правда на РСМ за градење на политики за превенција од криминал и корупција на која од Одделот учество земаа двајца претставници.

Во периодот од 19-22.05.2024 година во организација на Центарот за безбедносна соработка RACVIAC беше одржана работилница на тема „Интегритетот и контролни мерки во институциите за одбрана и спроведување на законот". На работилницата беа презентирани теми од областа на интегритетот и спречување на корупцијата преку учење на најдобрите практики поврзани со конфликт на интереси, изјави за имотни состојби и заштита на класифицирани податоци.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во рамки на своите превентивни активности во соработка со ЕУРОТИНК – Центар за европски стратегии, во рамки на проектот „Подобрување на транспарентноста и отчетноста во работата на полицијата во Сенерна Македонија" на ден 15.04.2024 и на ден 28.05.2024 спроведоа превентивни активности со делење на информативен материјал во вид на постери и флаери изработен од страна на ЕУРОТИНК – Центар за европски стратегии, во ПС за ГП -Блаце, ПС за ГП –Табановце, ПС за ГП Меѓународен Аеродром Скопје, ПС од ОН Кочани и ОУР -Кочани, ПС од ОН Виница и ОУР -Виница, ПС од ОН Делчево и ОУР Делчево и ПС за ГП Делчево, со цел запознавање на граѓаните со надлежностите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и начинот на кој можат да ги остварат своите права при поднесување на претставки против вработени во МВР доколку истите имаат сознанија за коруптивно или казниво однесување на вработени во МВР и постапки со кои им се повредени нивните слободи и права.

На ден 04.07.2024 година во хотел „Холидеј Ин" во Скопје, а по повод завршувањето на проектот „Подобрување на транспарентноста и отчетноста во работата на полицијата во Сенерна Македонија" беа презентирани резултатите од проектот со крајна цел подобрување на јавното мислење и разбирање на транспарентноста и отчетноста на МВР.

На ден 10.09.2024 година во х.Панорамика во Скопје во организација на Националната конвенција на Европската Унија во РСМакедонија се одржа четвртата сесија на работна група 6- антикорупција на тема: Податоците на кои им веруваме предуслов за посилна економија и ефикасна борба со корупцијата на која присуствуваше претставник на

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. На сесијата беа донесени заклучоци за институционално зајакнување на системите за собирање и анализа на податоци на јавниот сектор, интеграција на индикатори за владеење на правото и контрола на корупцијата, како и воведување на задолжителна транспарентност за сите државни имституции за јавно објавување на податоци.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со поддршка од ДЦАФ Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, одржа две работилници на кои присуствуваа претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, јавни обвинители од ОЈО ГОКК и судии од Основен кривичен суд Скопје со цел зајакнување на интегритетот на кривичната постапка и јакнење на капацитетите за спроведување на истраги на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Во периодот од 03-06.12.2024 година под покровителство на Мисијата на ОБСЕ во Скопје се одржа работилница на тема „Конфликт на интереси во полициското Работење" на која присуствуваат претставници од мисијата на ОБСЕ како експерти и предавачи и вработени од Министерството за внатрешни работи како слушатели, со крајна цел да им помогне на слушателите на обуката да ги препознаат ризиците кои произлегуваат од судирот на интереси во полициското работење и ефикасно да се справат со истите.

Во рамки на своите превентивни активности Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди одржа вкупно 12 обуки на кои присуствуваа 235 слушатели од Одделот за гранични работи и миграции, Регионални центри за гранични работи и Одделот за граѓански работи, ОУР Битола со Отсеците за управни работи на Битола, Прилеп, Македонски Брод и Ресен и ОУР Штип со Отсеците за управни работо Пробиштип, Виница Кочани и Свети Николе, ПС ОН Штип и ПС за БПС Штип и Одделот за општи и заеднички работи при МВР на теми за јакнење на интегритетот заради намалување на злоупотреба на службена положба и овластување и законска примена на полициските овластувања.

Во насока на континуирано стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството, се одржаа работилници под покровителство на Центарот за интегритет во одбрамбениот сектор на Кралството Норвешка во соработка со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на кои се презентираше Програмата за јакнење на полицискиот интегритет, при што во рамки на проектот „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан" спроведени се четири обуки во сите регионални центри за гранични работи при Одделот за гранични работи и миграции на кои присуствуваа 83 слушатели.

Во насока на реализација на Планот за интегритет на работните места во МВР 2023-2025 и Акцискиот план за негова имплементација од страна на Одделот врз вработени во Министерството спроведени се осум обуки со цел јакнење на интегритетот, намалување на злоупотреба на службена положба и овластување и законска примена на полициски овластувања на 152 слушатели.

***Јакнење на институционалната и меѓуинституционална соработката на Одделот со институции задолжени за борба против незаконско и непрофесионално постапување***

И во 2024 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди продолжи со активности за јакнење на соработката со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во МВР, Јавните обвинителства и судовите, со цел поефикасна борба против незаконското и непрофесионално постапување на вработените во Министерството, а посебно со Специјалното одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во ОЈО ГОКК.

Имајќи ги предвид законските решенија, детално обработени во воведниот дел, оваа соработка веќе станува поинтензивна и се подига на ново квалитативно ниво.

Имено, самата имплементација на овие законски решенија диктира динамично темпо на меѓуинституционална соработа, што мора да резултира со интеракциски пристап на сите државни органи на кои се однесува оваа законска регулатива.

Одделот и во оваа година тековно соработуваше со Управата за финансиска полиција во Министерството за финансии, доставувајќи редовно квартални известувања, согласно обврските од Законот за јавна внатрешна контрола и Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите, во однос на управувањето и користењето на јавните средства.

*Јакнење на соработката со Народниот правобранител, граѓаните и невладиниот сектор*

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи, а посебно на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е остварување на континуирана соработката со Народниот правобранител и невладините

организации, имајќи ја предвид нивната основна функција, која се состои во давање правна помош и заштита на основните права и слободи на граѓаните во случаи кога истите им се загрозени, со посебен акцент на маргиналните групи.

Погореспоменатите законски решенија нужно водат кон интезивирање на соработката на ОВККИПС со Народниот правобранител, како и со граѓаните и невладиниот сектор.

Одделот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и невладините организации за своите активности. По сите барање од Народниот правобранител и невладините организации Одделот навремено доставува одговори.

По барање од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Одделот доставува периодични табеларни прегледи на Министерството за внатрешна работи за постапување по обраќањата и препораките на народниот правобранител, групирани по области.

***Имплементација на Антикорупциската програма и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи***

На почетокот од годината Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи изготви *Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2024 година, како* и *Акциски план за имплементација* во кој се дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех. Основа на Програмата се препораките кои произлегуваат од извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ – петти круг на тема „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритетот кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот".

ОВККИПС е координатор на активностите од Акциониот план за имплементација на обврските за Министерството за внатрешни работи, кои произлегуваат од извештајот, а отпочнаа по потпишувањето на Акциониот план. Во оваа насока, одржани се работни средби со раководителите на организациските единици задолжени за постапување по Акциониот план, а Одделот веќе ги приврши активностите на коишто е носител. Имено, во делот објавување на што поголем број на податоци, поврзани со конкретни аспекти од работата на МВР, Одделот на веб страната на МВР, редовно ги објавува периодичните и годишните

извештаи, Антикорупциската програма, Етичкиот кодекс за однесување на вработените во МВР и други активности на Одделот.

Одделот континуирано посветува посебно внимание на професионализацијата, департизацијата и деполитизацијата на вработените во Министерството, јакнење на интегритетот на вработените, доследно почитување на етичкиот кодекс на однесување, репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата, а пред се интензивно работење на превенцијата од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција.

ПРИЛОГ : Табеларен преглед

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
м-р Ивица Станковски

Изработил: главен советник - Јулијана Јанаќијева
главен аналитичар – Ива Колариќ Николовска
самостоен документарист - Ангела Јовановска
самостоен документарист – Анита Илиевска Крстевска
Кинтролирал: началник на одделение - Маја Реџепагиќ